Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, на седница одржана на ден 27.09.2012 година донесе Правилник за работа на Стручен совет, изменет и дополнет на седница на Управен одбор на ден 19.01.2016 година, изменет и дополнет на седница на Управен одбор на ден 22.08.2018 година, па врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72 и 142/16) в.в. со член 35 став 2 од Статутот на Комората на извршители, на седница одржана на ден 22.08.2018 година, Управниот одбор на КИРМ усвои

**Правилник за работа на Стручен совет на Комората на извршители на РМ**

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-401/15
22.08 2018 год.
СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за работа на Стручниот совет, се пропишуваат:

Организациона форма на Стручниот совет, состав на Стручниот совет, начинот на кандидирање и исполнување на потребите предуслови за стекнување на доверба за стручните способности на членовите на ова стручно тело и условите и начин на избор на членовите на Стручниот совет, мандатот на членовите на Стручниот совет, правилата за работа на Стручниот совет, целите и задачите кои треба да се постигнат од работата на Стручниот совет, постапување по заклучоците и мислењата на Стручниот совет, како и други прашања во врска со неговото работење.

Работата на Стручниот совет има за своја основна цел да доведе до еднообразност во работата на сите извршители на стручен, професионален и организационен план. Стручниот совет преку својата работа треба да го афирмира извршувањето како стручна независна и самостојна служба , како во Република Македонија така и надвор од неа.

Член 2

Стручниот совет е стручно тело на Комората.

Член 3

Стручниот совет го сочинуваат пет члена од кои еден член е извршител, и четири члена кои се еминентни правници со долгогодишно искуство.

Член 4

За својата работа Стручниот совет поднесува извештаи до Управниот одбор.

Стручниот совет за својата работа одговара пред Управниот одбор на КИРМ.

## ИЗБОР Н А ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧЕН СОВЕТ

Член 5

Управниот одбор ги предлага и утврдува кандидатите за членови на Стручниот совет, ги избира и разрешува членовите на Стручниот совет.

Управниот одбор ги предлага, ги утврдува кандидатите и ги избира членовите на Стручен совет со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Член 6

За член на стручниот совет може да се избере извршител кој не е дисциплински казнуван во рок од една година сметано од денот на изрекување на дисциплинската мерка и кој со своето искуство во вршење на правни работи и во досегашното свое работење на извршни работи покажал стручни способности.

Член 7

Управниот одбор ги предлага и утврдува кандидатите за членови на Стручниот совет, ги избира и разрешува членовите на Стручниот совет со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Мандатот на членовите на стручниот совет е една година со право на повторен избор.

За својата работа и ангажирање на членовите на Стручниот совет од редот на еминентните правници им следи паричен надомест кој го утврдува Управниот одбор на КИРМ и истиот се исплаќа од паричните средствата на КИРМ.

Член 8

Со изборот на членовите на Стручниот совет, тие ја стекнуваат довербата во извршувањето на задачи и постигнувањето на целите на ова стручно тело на Комората.

По избор на членови на Стручен совет на својата прва седница избираат Претседател и Заменик претседател од редот на членовите на Стручен совет.

## ПРАВИЛА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ

Член 9

Стручниот совет врши работи од интерес на извршувањето насочени кон стручно издигнување и усовршување на извршните работи и целокупната извршителска дејност.

Седниците на Стручниот совет ги свикува Претседателот на Стручниот совет или на барање од тројца членови на Стручниот совет.

Стручниот совет се состанува најмалку двапати годишно.

Член10

Основни задачи на Стручниот совет се:
-предлага теми за семинари и предавања по одредени правни прашања;
-да ги утврди ставовите по одредени правни прашања завземени на одржаните семинари и тематски расправи;
-да го афирмира извршувањето како стручна служба и професија и дејност;
-да дава мислења за спорни прашања и предлози за организационото поставување на извршувањето во целина кои ги доставува до Управниот одбор;
-да дава предлози за унифицирано работење на извршителите;
-да дава иницијативи за измени и дополнувања на закони и подзаконски акти за прашања од извршителската дејност, како и на Статутот и другите акти на Комората;
-да врши други работи на полето на стручното усовршување на извршителите.

Член 11

До Стручниот совет се доставуваат иницијативи и предлози за одредени стручни правни прашања и прашања од организационен карактер на извршувањето.

Член 12

Стручниот совет на своите состаноци ги утврдува спорните и суштествени стручни прашања како и прашањата од организациониот карактер на извршувањето.

Врз основа на нив стручниот совет ги утврдува темите по кои треба да се организираат семинари и тематски расправи.

Член 13

Стручниот совет по утврдувањето на темите за семинари и предавања им ги предлага на усвојување на Управниот одбор.

Во основа на секој семинар е разгледување на прашања од правен карактер и други прашања што се однесуваат на работењето на извршителите и извршувањето во целина.

Член 14

Во зависност од спорните правни прашања и теми на семинарот, Стручниот совет може до Управниот одбор на КИРМ да предложи да учествуваат и лица од редот на судии, од редот на универзитетски професори како и други еминентни правници, за кои ќе се оцени дека со своето активно учество можат да допринесат во разрешувањето на спорните прашања.

Во работењето на Стручниот совет може да учествуваат и надворешни членови по предлог од Стручниот совет или од Управниот одбор на КИРМ и дадена согласност од Управниот одбор на КИРМ.
За својата работа и ангажирање на надворешните членови им следи паричен надомест кој го утврдува Управниот одбор на КИРМ и истиот се исплаќа од паричните средствата на КИРМ.

Член 15

Одржување на семинарите и предавањата е со цел да врз основа на одредените теми и спорни стручни прашања се донесат заклучоци и правни становишта .

Член 16

Семинарите, предавањата и работата на стручниот совет треба да доведат до ширење на правната регулатива и судската практика во рамките на извршителската дејност.

Член 17

Стручниот совет може да му предложи на Управниот одбор да ги организира семинарите во Република Македонија и да организира меѓународни семинари како и да овозможи учество на претставници на Комората на извршители на меѓународни конгреси и семинари кои се одржуваат надвор од Република Македонија.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЗАКЛУЧОЦИТЕ НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ

Член 18

Стручниот совет утврдува ставови и заклучоци и дава свои мислења по одредени правни прашања кои се однесуваат на примената на законите и на примената на подзаконските акти.

Член 19

Стручниот совет утврдува предлог мислења, ставови и заклучоци кои ги доставува преку Стручната служба на КИРМ до сите извршители заради давање во рок од 8 дена образложени забелешки и нови предлози по истите до Стручниот совет.

Доколку не се доставени забелешки од страна на извршителите, Стручниот совет ги доставува мислењата, ставовите и заклучоците до Управниот Одбор на усвојување.

Доколку се дадени забелешки , сугестии и предлози од извршителите, Стручниот совет на наредна седница ги разгледува и своите конечни предлози на мислења, ставови и заклучоци ги доставува до Управниот Одбор на усвојување.

Член 20

Сите извршители се должни да ги почитуваат и применуваат мислењата, ставовите и заклучоците на Стручниот совет, одобрени од Управниот Одбор.
Управниот одбор на КИРМ со мнозинство гласови ги усвојува конечните предлози на мислења, ставови и заклучоци доставени од Стручниот совет и истите ги доставува до сите извршители заради нивно запознавање.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Член 21

Овој правилник влегува на сила и ќе се применува осмиот ден од денот на објава на веб локацијата на Комората.

Член 22

Со стапување на сила на овој Правилник Управниот Одбор е должен да го формира Стручниот Совет.

Комора на извршители на РМ
Претседател на Управен одбор,
**Зоран Димов**